Уп. Бр. 08-121/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22а, Загреб, Република Хрватска, и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. со регистрирано седиште на Штатхоудерслан 900, 2382 БЛ Зоетервоуде, Холандија, преку адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22а, Загреб, Република Хрватска, и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. со регистрирано седиште на Штатхоудерслан 900, 2382 БЛ Зоетервоуде, “), имаат намера да соработуваат во производство на резервоари за енергетски трансформатори преку воспоставување на заедничко вложување преку друштвото КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. за производство, со седиште на ул. Иве Политеа 64, Сесвете, Загреб, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 15.08.2024 година, а дополнето на 16.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22а, Загреб, Република Хрватска, и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. со

регистрирано седиште на Штатхоудерслан 900, 2382 БЛ Зоетервоуде, Холандија, имаат намера да соработуваат во производство на резервоари за енергетски трансформатори преку воспоставување на заедничко вложување преку друштвото КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. за производство, со седиште на ул. Иве Политеа 64, Сесвете, Загреб, Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги е владејачко друштво на Кончар Групацијата.

Кончар Групацијата е активна во енергетскиот сектор, и работи во 4 деловни области: производство на електрична енергија, пренос и дистрибуција на електрична енергија, железнички решенија и инфраструктура и дигитални решенија и платформи.

Во Северна Македонија, Кончар Групацијата, има три регистрирани подружници:

- КОНЧАР ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ АД – Подружница Македонија, со регистрирано седиште на ул. Борис Трајковски бр.1/1-8, Скопје, Кисела Вода, Северна Македонија, и со регистрираната дејност други градежно-инсталатерски работи.
- КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ ДОО за производство Загреб Република Хрватска – Подружница КОНЧАР – АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ - Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр.18/мезанин-2/1, Скопје, Центар, Северна Македонија и со регистрираната дејност производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија .
- ДАЛЕКОВОД Акционерско друштво за инжењеринг, производство и градење Загреб, Подружница ДАЛЕКОВОД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Парапунов бр.41/објект 5-бр.22, Скопје Карпош, Северна Македонија, и со регистрираната дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции .

СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. работи како дел од Сиеменс Енерџи Групацијата (Siemens Energy Group).

Сиеменс Енерџи Групацијата има седиште во Германија и работи во четири главни деловни области: услуги за гас, мрежни технологии, трансформација на индустријата и Сиеменс Гамеса обновлива енергија (Siemens Gamesa Renewable Energy).

Во Северна Македонија, СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В**.**, има една регистрирана подружница: СИЕМЕНС ГАМЕСА РЕЊУВАБЛ ЕНЕРЏИ ГМБХ Виена Австрија – Подружница Скопје, со регистрирано седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.48 Градски/ѕид-блок 5, Скопје – Центар, Северна Македонија, и регистрирана дејност на СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ Подружница Скопје е изградба на електрични водови и телекомуникациски линии.

КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. имаат намера да соработуваат во доменот на производство на резервоари за енергетски трансформатори преку воспоставување на заедничко вложување и изградба на производствен капацитет, преку воспоставување на заедничко вложување преку друштвото КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. за производство, со седиште на ул. Иве Политеа 64, Сесвете, Загреб, Република Хрватска.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**